**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203-404/6**

**Скопје, 24.09.2008 година**

**ДО**

**ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Основен суд Велес сметка за приходи наплатени од органи (во понатамошниот текст Основен суд), за 2007 година, кои се прикажани на страните од 4 до 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Основен суд Велес за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

   - Шевшед Адеми, претседател на Основен суд Велес

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 3, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 20 до 27.05.2008 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

*ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел:211 -262; факс 126-311;*

*Овластен државен ревизор*

________________________

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 01.09.2008 година добиени се забелешки на Претходниот извештај на овластениот државен ревизор заведени под Су.број 91-2/08. Истите беа разгледани и забелешките се однесуваа во делот на препораките и истите се прифатени поради превземени мерки по извештајот на овластениот државен ревизор.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи, дадени како составен дел на овој Конечен извештај и на интерниот контролен систем, ревизијата го утврди следното:

**11.1.** ***Неправилна примена на акти:***

11.1.1.Не се води Дневник за евиденција на парични казни и трошоци на постапката за прекршочни предмети, што е спротивно на член 246 од Судскиот деловник (Сл.весник 9/1997), поради невоспоставена посебна евиденција за прекршочните предмети на образец бр. 149 предвиден со Судскиот деловник. Истото влијае на целосното прикажување на приходите од парични казни и трошоци од прекршочна постапка а со тоа и на финансиските извештаи на судот.
Донесена е Одлука од Претседателот на судот Су. Бр. 91-2-8/08 и задолжен е раководителот на писарницата да води дневник за евиденција на износите од наплатените парични казни и трошоците на постапката и конфискуваниот имот и имотна корист а Секретарот на судот да врши месечна контрола за спроведувањето на одлуката.

11.1.2. Не е изработен Преглед на изречените и наплатени парични казни, трошоците за постапка и пленувањето на имотна корист, како прилог на завршната сметка, што не е во согласност со член 345 од Судскиот деловник. Некомплетноста на завршната сметка придонесува Основниот суд да не располага со податоци за степенот на наплатливост на изречените и наплатените парични казни, со што постои можност за нивно застарување и неможност за нивна наплата како и некомплетни финансиски извештаи.

Донесена е одлука од Претседателот на судот Су. Бр.91-2-8/08 и задолжен е раководителот на писарницата да изготви Преглед за изречените и наплатените парични казни и трошоци на постапка и конфискуваниот имот и имотна корист.

12. Со ревизијата на финансиските извештаи, дадени како составен дел на овој Конечен извештај и на интерниот контролен систем, наодите од Претходниот извештај на Основен суд Велес сметка за редовно работење од точките 11.1.1, 11.1.2, 11.2.3, 11.2.4, 13.3.2, 11.3.3, 11.3.4 и 11.5.2, се исти и во овој извештај.

13. Според наше мислење, поради значајноста на наодите изнесени во точките 11.1, 11.2. и 11 финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Основен суд Велес на 31 декември 2007 година и резултатот на финансиските активности за годината која завршува со тој датум во согласност со важечката законска регулатива.

14. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 11.1 до 11.2 кај Основен суд Велес е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2007 година.

**Овластен државен ревизор**

**Скопје, 22.09.2008 година**

**Основен суд Велес**
**Сметка за приходи наплатени од органи**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 година**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 2,338 | 2,050 |
| **Вкупно приходи** | **2,338** | **2,050** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 2,301 | 1,894 |
| **Вкупно тековни расходи** | **2,301** | **1,894** |
| **Вкупно расходи** | **2,301** | **1,894** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **37** | **156** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **37** | **156** |

**Основен суд Велес**
**Сметка за приходи наплатени од органи**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2007** | **2006** |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 37 | 156 |
| **Вкупно тековни средства** | **37** | **156** |
| **Вкупна актива** | **37** | **156** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Пасивни временски разграничувања | 37 | 156 |
| **Вкупно тековни обврски** | **37** | **156** |
| **Вкупна пасива** | **37** | **156** |